РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAOEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2646/1
17-08-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата, на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2959/1 од 19.11.2024 година, со наводи за неправилности во работењето на подружницата „---------“ – ------------ на ЈП „--------- ------- -----------“, **СЕ ОТФРЛА.**

Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по пријавата согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што пријавата ќе ја достави на надлежно постапување на Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола при ЈП „---------------- ----------- “.

Предметот со број 12-2959/1 од 19.11.2024 година да се архивира.

Одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија од страна на непознат подносител, на ден 19.11.2024 година, е поднесена пријава со наводи за неправилности во повеќе сегменти од работењето на подружницата „------------“ – ---------- на ЈП „---------------- ----------- “, по која е оформен предмет со број 12-2959/1 од 19.11.2024 година.

Државната комисија по разгледувањето на пријавата констатира дека нема елементи за надлежно постапување по пријавата согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради тоа што во истата не

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

се содржани наводи со конкретни сомнежи за корупција во смисла на дефиницијата за корупција утврдена во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Имајќи ја предвид содржината на пријавата, Државната комисија оцени дека во случајот се работи за наводи од надлежно постапување на Секторот за заштита на ----------, надзор и внатрешна контрола при ЈП „---------- ---------- ----------- “, поради што пријавата ќе им ја достави на надлежно постапување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.С.М., член на ДКСК